МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Ноември 2013

БРОЈ 148

Обука за Системот за следење на корупцијата

Од 4 до 6 ноември 2013 г., во Маврово, МЦМС ја организираше обуката на тема „Методологија за следење на корупцијата". Целта беше учесниците да се стекнат со знаења за методологијата на Системот за следење на корупцијата (ССК) кој е сеопфатен пристап за мерење на искуствата на граѓаните, перцепциите, подложноста и прифаќањето на корупцијата. ССК е развиен од бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД).



ССК ќе понуди поинаква методологија за проценка на корупцијата во Македонија

Обуката ја следеа 19 учесници (15 претставници на граѓанските организации, тројца претставници на Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и еден претставник на Министерство за правда). Обучувачи беа експертите Александар Стојанов, Руслан Стефанов, Тихомир Безлов и Даниела Минева од ЦИД.

Учесниците се запознаа со основните разлики и предности на ССК во однос на други меѓународни методологии за следење на корупцијата, како и со практичната примена на методологијата во Бугарија како дел од следењето на анти-корупциските реформи.

Фокусот беше на теориската позадина на ССК (дефиниција на корупцијата, основните предуслови за корупцијата итн.); индексите за мерење на корупцијата; и практичната примена на ССК за следење на корупцијата во одредени сектори (полиција, правосудство, царина). Учесниците имаа можност да дознаат и како се подготвува Извештајот за следење на корупцијата што е конечен продукт.

Презентациите за актуелни практики на Европската Унија за следење на корупцијата, како и поврзаноста на организиран криминал и корупција во земјите на ЕУ беа посебно интересни за учесниците.

Обуката е дел од Програмата на УСАИД за анти-корупција, што ја спроведува МЦМС. Целта на програмата е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет. Партнери во спроведување на Програмата се Институтот за демократија – Социетас Цивилис, Скопје (ИДСЦС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и Транспарентност Македонија.

Граѓанските организации од регионот се подготвуваа за следење на корупција

МЦМС во соработка со Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија на 7 и 8 ноември 2013 г. во Скопје, организираше обука за методологијата за следење на корупцијата. На настанот учествуваа членките на СЕЛДИ - Мрежата за лидерство за развој и интегритет во Југоисточна Европа (ЈИЕ), и тоа 27 претставници на 16 граѓански организации од 9 земји од ЈИЕ. Обуката е организирана во рамките на проектот „Граѓанско општество за добро владеење и анти-корупција во Југоисточна Европа".

На првиот ден од настанот беа разгледани идните активности на мрежата и се дискутираше за барањата за известување за првата година од спроведувањето на проектот.



Членките на СЕЛДИ се обучуваа за следење на корупцијата

Вториот ден беше посветен на презентација на постоечки практики и методологии за следење на корупцијата во Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Посебен фокус беше ставен на претставување на методологија на Системот за следење на корупцијата (ССК) развиен од ЦСД и чекорите потребни за успешно спроведување во 9-те земји во ЈИЕ. Исто така учесниците ја разгледаа и содржината и структурата на Извештаите за корупција, кои ќе бидат резултат на сеопфатна анкета и анализа на секундарни податоци спроведени во рамките на ССК. Од особено значење беше дискусијата за потенцијалните извори на податоци неопходни за анализата.

Проектот „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест" е финансиран од Европската комисија, Директорат за проширување. Во проектот се вклучени 17 граѓански организации од девет држави од регионот (Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција). Носител на проектот е бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД), а македонски партнери во овој проект, покрај МЦМС се и Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид.

Работилница за финансиска подршка од државата за ГО

На 13 и 14.11.2013 година во Нови Сад, Србија се одржа регионална работилница на тема „Финансиска поддршка на државата за граѓанските организации" што ја организираше БЦСДН во соработка со ЕЦНЛ и со организацијата ЕХО - членка на мрежата БЦСДН. На работилницата учествуваа 38 претставници од ГО и органи на државна управа од регионот на Западен Балкан и Турција и од државите членки на ЕУ. МЦМС како членка на БЦСДН ја претставуваше Симона Огненовска.

Организациите кои спроведуваат активности за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор во рамки на проектот „Acquis на Балканското граѓанско општество - Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање" ги споделија прелиминарните резултати кои се однесуваат на втората област - Рамка за финансиска оддржливост на ГО.

На работилницата беа мапирани постоечките рамки за финансиска поддршка во балканските земји и беа споделени европските добри практики и тенденции. Започна и подготовката на плановите за застапување за зголемување на поддршката од државата и подобрување на легислативата.

Симона Огненовска зборуваше за постоечкиот систем на финансирање на ГО и од страна на државата, претставувајќи ги добрите практики, како и областите кои треба да се подобрат во следниот период.

Јавноста и донесувањето на закони

МЦМС започна со издавањето редовни неделни и месечни прегледи на објавени предлог закони на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Неделниот преглед се објавува секој понеделник и содржи информации за предлог законите објавени на ЕНЕР во претходната недела. За прегледите од Огледало на Владата, испратете имејл до info@ogledalonavladata.mk со наслов start ogledalonavladata.

Има ли верска дискриминација во Македонија?

Колку е присутна верската дискриминација и нееднаквост во Македонија? Дали сите верските заедници ги уживаат истите права? Дали еднаквоста во оваа сфера е достижна? Беа само неколку од отворените прашања на дебатата „Слобода на вероисповед: Состојбата и предизвиците на верската дискриминација“ што се одржа на 29 ноември 2013 г. во Скопје во организација на МЦМС.

Проф. д-р Беким Кадриу од Тетовскиот универзитет зборуваше за теоретскиот аспект на верската дискриминација во општеството и формите во кои таа се појавува. Тој даде повеќе примери, посебно од европската практика. Според него, иако во Македонија постојат примери на верска дискриминација, повеќето се во индиректна форма. Неговиот став е дека во Македонија нивото на верска дискриминација е ниско односно, во државата постои солиден степен на верска толеранција.

Ирена Митевска, член на Комисијата за заштита од дискриминација ја претстави улогата и функционирањето на Комисијата. Иако релативно нова институција Комисијата веќе постапила по неколку претставки на случаи на дискриминација по верска припадност.

Во дискусијата што потоа се разви, претставниците на верски заедници посочија дека еден од проблемите со кој се соочуваат е нееднаквиот третман од страна на државата кон сите верски заедници. Тие сметаа дека дел од уставните и законски прописи кои се однесуваат на верските организации треба да бидат разгледани и подобрени и дека дебатирањето е добра форма за постигнување на тие подобрувања. На дебатата беа посочени и имотно-правните проблеми и спорови на верските заедници и неможноста на одредени места да се изградат верски објекти.



Нема решенија за Роми без нивно учество!

МЦМС, општината Шуто Оризари и Ромскиот деловен информативен центар на 19 ноември 2013 година ја организираа Конференцијата за употребата на фондовите за Роми и Осмиот ромски економски бизнис форум.



Фондови има, потребна е поголема координација на ромските граѓански организации

Постојат многу можности, програмирани средства како и владини програми кои можат да се употребат за ромската заедница. За жал, реализацијата е бавна и средствата не се користат доволно од страна на Ромите. Кај оние кои се користат, дискутабилно е дали завршуваат во ромската заедница. Ова беа дел од заклучоците на Конференцијата и бизнис форумот. Од дискусиите се издвоија повеќе препораки. Потребна е поголема вклученост на Ромите во програмирањето на средствата, подобрување на конкурентноста и соработка на граѓанските организации и што е можно посистематско учество во буџетот на државата. Освен тоа, на претприемачите на локално ниво им се потребни олеснувања од страна на локалната самоуправа.

На отворањето на Конференцијата на присутните им се обратија Фатмир Бесими, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Роберт Лидел од Делегацијата на Европската Унија, Ибрахим Ибрахими, заменик министер за труд и социјална политика и Срѓан Шајн, пратеник во Собранието на Република Србија.

„Македонија е земја која ја поддржа и е дел од Декадата на Ромите“, истакна Бесими и потсети на она што е програмирано во ИПА фондовите за Ромите како и на поддржаните проекти. „Поддршката за Македонија од ЕУ е околу 100 милиони евра годишно“, рече Роберт Лидел, „или околу 2% од државниот буџет. Еден дел од тие средства се наменети за Ромите“, додаде тој.

„Потребна е поголема координација на ромските граѓански организации, поголемо учество на Ромите во процесот на програмирање на фондовите и поголем фокус на државниот буџет“, истакна во своето излагање Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС. Заменик министерот за труд и социјална политика Ибрахими истакна дека е потребно поголемо вклучување на Ромите во активните мерки за вработување. „Ромите треба да прифаќаат работа наместо социјална помош“, истакна тој, „тоа е еден од начините да се излезе од сиромаштијата“.

За Надир Реџепи, раководител на проект во Фондацијата Отворено општество во Будимпешта потребен е поголем фокус на малите претпријатија. „Фондови има, може и премногу, но нашата ефикасност мора да биде поголема. Потребни се нови содржини, нови идеи и поголема одговорност од сите“, рече Реџепи.

Во вториот дел фокусот беше ставен на социјалното претприемништво и на можноста социјалните претпријатија да ги вклучат Ромите кои се на пазарот на трудот.

Целта на настанот беше да се даде придонес во дефинирањето на следниот програмски период за ИПА 2 за периодот 2014-2020 година и да се актуелизира прашањето на интегрирањето на Ромите, особено на економското интегрирање.

Специјалните возила за собирање смет – најприоритетни за граѓаните

Граѓаните на Македонска Каменица и Делчево на петтата форумска сесија одлучија дека најприоритетна потреба за нив е набавката на специјални возила за собирање смет. На сесијата што се одржа на 28 ноември 2013 година во ресторанот „Саса“ во Македонска Каменица присуствуваа 96 граѓани и имаа можност да гласаат за три проекти. Покрај избраниот, на гласачките ливчиња беа и проектите: „Расчистување на дивите депонии“; „Уредување на градските депонии“.

„Презадоволен сум од учеството на меѓуопштинскиот форум заради тоа што на овој начин сами придонесуваме во решавањето на секојдневните проблеми со отпадот во нашите две општини “, ни рече Малин Трајчевски еден од учесниците на форумската сесија.

На граѓаните им се обрати и градоначалникот на Македонска Каменица, Дарко Митевски кој изрази благодарност до сите кои активно се вклучија во реализирањето на форумските сесии. „Ваквиот начин на решавање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните претставува едно ново искуство и за нас и за нив, и во наредниот период општина Македонска Каменица ќе им овозможи на своите жители поголема вклученост во процесите на донесување на одлуки од јавен карактер“, рече Митевски.



Граѓаните ги предадоа препораките и побараа тие да се реализираат со други фондови

Сите проблеми кои граѓаните ги идентификуваа во текот на форумскиот процес, како и проектите кои не беа изгласани се дел од листата со препораки кои им беа дадени на градоначалниците. Тие изразија подготвеност во иднина, од средства на буџетот на општината или од други фондови да ги реализираат препораките на граѓаните.